**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.Јаким Стојковски бр.1*
*Тел: **032 48 31 31**; факс: **032 48 30 47***
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ

Бр. 10-738/9 -__ од 29.11.2018 год.
Пробиштип

**До** ______________________________________________
______________________________________________

ПРЕДМЕТ: **Известување-покана** за одржување на јавна анкета и јавна презентација за донесување на ДУП за Блок 15.3 КО Пробиштип, Општина Пробиштип

Почитувани,

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и бр.64/18 год.), Ве известуваме дека

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА**
со стручно презентирање на

**Предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 15 Урбан опфат 15.3, Општина Пробиштип**, во м.в. Град, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со Тех. број 40/2018 од октомври 2018, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе се одржи на ден **07.12.2018 година (петок), со почеток во 14.00 часот,** во салата на Советот на Општина Пробиштип, во Домот на културата - Пробиштип.

**ЈАВНА АНКЕТА** по

**Предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 15 Урбан опфат 15.3, Општина Пробиштип**, во м.в. Град, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со Тех. број 40/2018 од октомври 2018, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе се спроведе во периодот од **05.12.2018 г. до 19.12.2018г.** во времетраење од **11 (единаесет) работни дена**, и во електронска и во писмена форма, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип. **Анкетни листови**, можат да се подигнат од Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, и од **web** страната на Општина Пробиштип, или во електронска форма преку информацискиот систем **e-urbanizam.** Во прилог на анкетните листови да се достави копие од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** од Предлог - Деталниот урбанистички план за Урбан Блок 15 Урбан опфат 15.3, Општина Пробиштип, ке биде изложен на огласна табла пред влезот на Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, во информацискиот систем **e-urbanizam** и на **web** страната на Општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, а подетални информации во врска со Деталниот урбанистички план може да се добијат во Одделението за урбанизам на Општина Пробиштип, кое се наоѓа во просториите на зградата на кино салата на вториот кат.

Се` со цел навремено доставување на писмени забелешки, предлози или мислења и активно учество во јавната анкета и јавната презентација, Ве покануваме да присуствувате на истата.

Доколку во овој временски рок не доставите анкетни ливчиња, ке се смета дека немате никакви забелешки, предлози или мислења по Предлог - планот за ДУП за Блок 15.3 КО Пробиштип, Општина Пробиштип.

Изготвил: Ј.Дукоска диа
Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=OPShTINA PROBIShTIP Probishtip:4022005104678, serialNumber=CRT3550993, cn=Jordanka Dukoska
Date: 2018.12.05 09:28:15 +01'00'

Одобрил: Б.Станојковски дги

**м.п.**

Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Date: 2018.12.05 09:50:48 +01'00'

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Градоначалник**
Драган Анастасов

Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Date: 2018.12.05 14:56:40 +01'00'